Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2018 ГОДИНА

ноември, 2017 година

## СОДРЖИНА:

ВОВЕД ..... 3

ПРОГРАМА НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ..... 5

1. Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2018-2022 година ..... 5
2. Исполнување на програмските обврски на радиодифузерите ..... 6
3. Исполнување на другите обврски на радиодифузерите ..... 6
4. Обезбедување јавност во работењето на радиодифузерите ..... 7
5. Заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите ..... 7
6. Социјална инклузија и медиумска писменост ..... 8
7. Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите ..... 10
8. Стручен надзор ..... 10
9. Доделување дозволи за радио и телевизиско емитување ..... 11
10. Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите ..... 11
11. Евидентирање во регистарот и надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање ..... 12
12. Евидентирање во регистарот, регистрација на програмски пакети и надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ..... 13
13. Исполнување на обврските на издавачите на печатените медиуми ..... 15
14. Анализи и истражувања ..... 15
15. Меѓународна соработка ..... 17
16. Процес на европска интеграција ..... 18
17. Транспарентност во работењето и комуникација со јавноста ..... 19
18. Внатрешна ревизија во Агенцијата ..... 20

# ВОВЕД

Активностите на Агенцијата во 2018 година ќе бидат насочени кон остварување на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17). Како што е утврдено во членот 2 од Законот, целта на овој закон е во Република Македонија особено да се обезбеди: развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; промовирање на слободата на изразување; развој на независната продукција; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници; поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој; заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица; развој на медиумската писменост; транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис; транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество; поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи; и развој на економијата во Република Македонија.

Како надлежен орган за остварување на работите што се предмет на овој закон, Агенцијата ќе ги остварува активностите во рамки на своите надлежности утврдени во членот 6 од Законот. Имено, како што е утврдено во овој член, таа: се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите; ја поттикнува слободата на изразување; се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите; се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица; ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон; се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација; одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување; презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон; донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија; поттикнува медиумска писменост; врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон; ги води регистрите утврдени со овој закон; спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и врши и други работи утврдени со

овој закон. Покрај тоа, Агенцијата има одредени надлежности што произлегуваат и од Законот за медиуми. Согласно овој закон, таа врши исклучиво административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми, и тоа само над исполнувањето на обврските за обезбедување заштита на малолетни лица, именување одговорен уредник, објавување импресум и обезбедување јавност во работата, како и административен надзор над радиодифузерите, и тоа само од аспект на исполнувањето на обврските за објавување импресум и за обезбедување јавност во работата.

# ПРОГРАМА НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2018-2022 година

Приоритетна активност на Агенцијата во 2018 година ќе биде изработката на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година. Активностите за изработка на Стратегија, Агенцијата ги започна во претходната година, а во 2018 година ќе го финализира овој стратешки документ, со којшто треба да бидат мапирани тековните состојби во коишто се наоѓаат аудио и аудиовизуелната дејност, да се утврдат цели и насоки за развој во следните пет години, како и конкретни активности што Агенцијата ќе ги презема за остварување на овие цели. Со активностите што ќе бидат предвидени во Стратегијата, се очекува подобрување на состојбите во следните области:

- Професионалност и уредувачка независност на медиумите, преку зголемување на нивото на почитување на професионалните новинарски стандарди кај медиумските работници и поттикнување (подобрување на функционирањето) на системите на саморегулација и корегулација во медиумите;
- Заштита и развој на медиумскиот плурализам, односно обезбедување разновидност на програмската понуда, политички плурализам, изразување на културните групи и на локални и регионални интереси, транспарентност на сопственоста на медиумите, спречување прекумерна медиумска концентрација;
- Заштита на човековите права во медиумските содржини, односно поголема одговорност на медиумите за заштитата на малолетните лица, обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите и почитување на забраните за дискриминација и говор на омраза;
- Поттикнувањето на развојот на пазарот и конкуренцијата, а особено можностите за нови извори на приходи што ги овозможува дигиталното опкружување, како и создавање еднакви услови за сите учесници на пазарот;
- Обезбедување регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите и
- Понатамошен развој на медиумската писменост, и тоа преку поттикнување на критичкото примање и разбирање на медиумските содржини кај граѓаните и зголемување на улогата на медиумите во развојот на медиумската писменост.

### Активности:

- Одржување работни состаноци со релевантни чинители во дејноста, анализа на податоци добиени од истражувања и анализа на релевантни документи.

**Период на реализација:** Во текот на првата половина од годината

**Резултат:** Изготвена Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година

## 2. Исполнување на програмските обврски на радиодифузерите

Агенцијата ќе го следи исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите преку спроведување програмски надзор над програмите на јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва со радио и телевизиски програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво, како и над непрофитните радиодифузни установи. Програмскиот надзор ќе се спроведува како редовен (според Годишниот план за вршење програмски надзор за 2018 година), вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата) и контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка), а во согласност со „Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)“. Програмските обврски кои ќе бидат предмет на надзорот се однесуваат на:

- Стандардите за човековите права и начелата за емитување програма;
- Заштитата на малолетните лица;
- Поттикнувањето и заштитата на културниот идентитет;
- Правилата за емитување комерцијални комуникации;
- Програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување;
- Настани со ексклузивни права на емитување и право на кратко известување;
- Други програмски обврски (емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди; минимално времетраење на дневното емитување; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите; емитување игри на среќа; поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма).

**Цел:** Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за радио и телевизиско емитување, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

### Активности:

➢ Програмски надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг).*

**Период на реализација: Во текот на годината**

**Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори**

## 3. Исполнување на другите обврски на радиодифузерите

Освен на програмските, а за да се обезбеди исполнување и на други обврски на радиодифузерите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумки услуги и во Законот за медиуми, Агенцијата ќе спроведува административен надзор. Предмет на овој надзор ќе биде исполнувањето на обврските за објавување импресум, обезбедување пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците, идентификација на програмскиот сервис, дневна евиденција на емитуваната програма, снимање на излезниот сигнал од програмата и доставување извештај за исполнување на програмскиот

концепт. Овој надзор ќе се спроведува како редовен (согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2018 година), вонреден и контролен. Покрај тоа, Агенцијата ќе врши пресметување на годишниот надоместок за доволата за телевизиско и радио емитување и ќе го следи исполнувањето на обврската на радиодифузерите за плаќање на овој надоместок.

**Цел:** Зголемување на почитувањето на административните обврски на радиодифузерите

**Активности:**

- Административен надзор над работењето на радиодифузерите

  **Период на реализација: Во текот на годината**
  **Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори и изготвени и доставени фактури до радиодифузерите**

## 4. Обезбедување јавност во работењето на радиодифузерите

За да се обезбеди јавност во работењето на радиодифузерите, Агенцијата ќе спроведува административен надзор со којшто ќе го следи исполнувањето на обврските од Законот за медиуми, со коишто за радиодифузерите се предвидени обврски одредени податоци за работењето да ги направат достапни за регулаторот и за својата публика, односно за јавноста. Поточно, тие се должни најдоцна до 31 март на регулаторот да му достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник и за економското работење во претходната година, а најмалку три пати во текот на годината на сопствената програма да ги објават податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и за изворите на финансирање во претходната година. Следењето на исполнувањето на овие обврски ќе се спроведува согласно утврдените рокови во Годишниот план за вршење административен надзор за 2018 година.

**Цел:** Поголема јавност во работењето на радиодифузерите

**Активности:**

- Административен надзор над работењето на радиодифузерите

  **Период на реализација: Во текот на годината**
  **Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори**

## 5. Заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите

Имајќи ја предвид важноста на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата ќе постапува по доставените известувања за промена на сопственичката структура, ќе испитува дали со планираните промени би се прекршиле одредбите од Глава IV од Законот - „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните

медиумски услуги" и врз основа на сознанијата добиени од испитувањата ќе донесува одлуки со кои ќе го одобри или ќе го забрани спроведувањето на планираните промени. Покрај тоа, Агенцијата ќе ја следи сопственоста на радиодифузерите од аспект на почитување на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост, посебните забрани за стекнување сопственост и спречување на недозволената медиумска концентрација. Доколку има сознанија за евентуално прекршување на овие одредби, Агенцијата ќе поведе постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација. Покрај тоа, Агенцијата ќе врши проверка и дали некој од радиодифузерите спровел промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенција.

**Цел:** Обезбедување плурализам на сопственоста на радиодифузерите

**Активности:**

- Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичка структура на радиодифизерите

  **Период на реализација: Во текот на годината**

  **Резултат: Одлуки за одобрување или забрана за промена на сопственичка структура**

- Следење на сопственичката структура на радиодифузерите

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Известувања од спроведени надзори; поведени постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; писмени извештаи од спроведени административни надзори.**

## 6. Социјална инклузија и медиумска писменост

За да ги поттикне да преземат активности со кои постепено своите програми ќе ги направат достапни за лицата со сетилна попреченост, Агенцијата ќе одржи работни средби со давателите на аудиовизуелни медиумски услуги. Покрај тоа, а во насока на понатамошен развој на медиумската писменост во Република Македонија, во 2018 година Агенцијата ќе спроведе информативна кампања за медиумската писменост, а како поддршка за функционирање на Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија, Агенцијата ќе ја одржува веб страницата за медиумска писменост и електронската комуникација во мрежата.

**Цел:** Поголема достапност на програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост и повисок степен на медиумска писменост во Република Македонија

**Активности:**

- Средби со радиодифузерите за поттикнување на процесот на саморегулација во контекст на обезбедување достапност на нивните програми до лицата со сетилна попреченост

  **Период на реализација: Во текот на годината**

  **Резултат: Одржани средби**

- Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост (2016-2018)

  **Период на реализација: Четврти квартал од 2018 година**

  **Резултат: Изработен извештај**

- Информативна кампања за медиумска писменост

  **Период на реализација: Во втората половина од годината**

  **Резултат: Изработени рекламни спотови и друг пропаганден материјал**

- Поддршка за функционирање на Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија

  **Период на реализација: Во текот на годината**

  **Резултат: Одржување на веб страницата за медиумска писменост и на електронската комуникација во мрежата**

- Извештај за спроведување на Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија (2016-2018)

  **Период на реализација: Четврти квартал од 2018 година**

  **Резултат: Изработен извештај**

## 7. Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите

Имајќи ја предвид важноста на слободата на изразувањето и слободата на медиумите, Агенцијата ќе организира и ќе поддржи организирање на настани и работилници за различни аспекти на професионалните стандарди, зголемување на редакциската култура кај медиумите и независната уредувачка политика. Освен тоа, на јавен настан на којшто ќе бидат поканети да учествуваат сите релевантни чинители, Агенцијата ќе ги презентира резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2018 година.

**Цел:** Зголемување на слободата на изразување и на слободата на медиумите

**Активности:**

- Организирање или поддршка на работилници за различни аспекти на професионалните стандарди за вршење на радиодифузната дејност

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Одржани работилници**

- Јавна презентација на резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2018 година

  **Период на реализација: Четврти квартал од 2018 година**

  **Резултат: Одржан настан**

## 8. Стручен надзор

Агенцијата ќе врши стручен надзор на радиодифузерите на коишто ќе им биде доделена нова дозвола и на радиодифузерите коишто ќе ја променат локацијата на просториите во кои се произведува програмата или ќе ја прошират со нови студиски простории.

**Цел:** Исполнување на техничките, просторните и кадровските услови за вршење на дејноста.

**Активности:**

- Стручен надзор над радиодифузерите

  **Период на реализација: По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување согласно рокот утврден во член 30 од Законот за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории**

**Резултат: Записници од извршени стручни надзори**

## 9. Доделување дозволи за радио и телевизиско емитување

Агенцијата ќе објавува јавни конкурси за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување, по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции или капацитети, и доколку со претходно изработена студија се утврди дека постои оправданост за да се додели нова дозвола за телевизиско или радио емитување на локално, регионално или државно ниво. Освен тоа, а по барање на заинтересирани страни, Агенцијата ќе доделува и дозволи за телевизиско и радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, на начинот и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Цел:** Зголемен квалитет на телевизиски и радио содржини коишто и се достапни на публиката, како и да се овозможи јавноста да има пристап до повеќе информации од различни извори.

### Активности:

- Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување за програмски сервиси што се емитуваат преку ограничен ресурс (радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс), по пат на јавен конкурс и за програмски сервиси што се емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, без објавување на јавен конкурс

**Период на реализација: По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна**

**Резултат: Доделени дозволи за телевизиско или радио емитување**

## 10. Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите

Активностите на Агенцијата во врска со обезбедување прецизни податоци за гледаноста на телевизиските програмски сервиси и за слушаноста на радиостаниците, во 2018 година ќе се одвиваат во две насоки. Од една страна, преку својот номиниран претставник,

Агенцијата ќе продолжи активно да учествува и да придонесува во работењето на Македонскиот комитет за мерење на публиката, се со цел да се обезбедат релевантни податоци од електронското мерење на телевизиската публика. Од друга страна, за радиостаниците и за телевизиите коишто не се опфатени со електронското мерење на публиката, податоците за слушаноста и гледаноста Агенцијата ќе ги обезбедува од специјализирана истражувачка агенција, избрана согласно Законот за јавни набавки.

**Цел:** Обезбедување релевантни податоци за гледаноста на телевизиските програмски сервиси и за слушаноста на радио програмските сервиси.

**Активности:**

➢ Учество во работењето на Македонскиот комитет за мерење на публиката и обезбедување податоци од електронското мерење на телевизиската публика

**Период на реализација: Во текот на целата година**

**Резултат: Обезбедени податоци и извештаи од електронското мерење на телевизиската публика**

➢ Спроведување квартални истражувања за да се обезбедат податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици што не се опфатени со електронското мерење

**Период на реализација: Секој квартал од годината**

**Резултат: Извештаи од спроведени квартални истражувања**

## 11. Евидентирање во регистарот и надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и ќе им издава потврда за регистрација на оние субјекти коишто во 2018 година ќе достават пријава за евидентирање. Покрај тоа, Агенцијата ќе спроведува надзор (редовен, вонреден и контролен) за да констатира дали давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање ги исполнуваат обврските утврдени во Законот, а кои се однесуваат на:

- пренесување кинематографски дела во периодот утврден во договорите со имателите на права;
- заштита на малолетните лица;
- употреба на јазикот и
- промоција на производството и пристап до европски аудиовизуелни дела.

По претходна пресметка на годишниот надоместок за надзор и доставена фактура до давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, Агенцијата ќе го следи исполнувањето на обврската за плаќање на овој надоместок.

**Цел:** Обезбедување аудиовизуелни медиумски услуги по барање согласно законските одредби.

**Активности:**

- Издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

  **Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  **Резултат: Издадени потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

- Програмски надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори**

- Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор**

## 12. Евидентирање во регистарот, регистрација на програмски пакети и надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети оние субјекти коишто во 2018 година ќе достават пријава за евидентирање. Покрај тоа, Агенцијата ќе издава потврди за регистрација на програмските сервиси што тие ќе ги реемитуваат, врз основа на претходно доставена пријава и уредени авторски и сродни права. За да се обезбеди дека работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи е во согласност со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе спроведува програмски надзор над нивното работење, и

тоа редовен – согласно со роковите утврдени во Годишниот план за програмски надзор, вонреден – врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата и контролен – по истекот на рокот определен во поединечниот акт. Надзорот ќе се однесува на исполнувањето на следните обврски:

- претходно регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштита на малолетните лица,
- употреба на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителни обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизулни медиумски услуги.

По претходна пресметка на годишниот надоместок за надзор и доставена фактура до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, Агенцијата ќе го следи исполнувањето на обврската за плаќање на овој надоместок.

**Цел:** Реемитување на програмските сервиси согласно законските одредби.

**Активности:**

➢ Евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава

**Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски сервиси и за регистрација на пакет програмски сервиси**

**Резултат: Издадени потврди за регистрација на пакет програмски сервиси**

➢ Програмски надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

**Период на реализација: Во текот на целата година**

**Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори**

➢ Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор

**Период на реализација: Во текот на целата година**

**Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор**

## 13. Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми

Согласно надлежностите утврдени во Законот за медиуми, во 2018 година Агенцијата ќе го следи исполнувањето на обврските на издавачите на печатени медиуми коишто се однесуваат на заштитата на малолетните лица, именувањето одговорен уредник, објавувањето импресум и обезбедувањето јавност во работењето. Редовните надзори над исполнувањето на последните две обврски Агенцијата ќе ги спроведува во роковите утврдени во Годишниот план за вршење административен надзор за 2018 година, а исполнувањето на другите обврски ќе биде предмет на вонреден надзор. Доколку со редовниот и вонредниот надзор се констатираат прекршувања на законските одредби, Агенцијата ќе спроведе контролен надзор за да утврди дали издавачите на печатените медиуми ги отстраниле прекршувањата и го усогласиле работењето со одредбите од Законот за медиуми.

**Цел:** Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми

**Активности:**

- Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми

  **Период на реализација: Во текот на целата година**
  **Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори**

## 14. Анализи и истражувања

За да обезбеди прецизни и сеопфатни податоци за состојбите во индустријата, Агенцијата ќе изработи анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелната медиумска дејност за 2017 година. Во првиот квартал од годината ќе биде изработена и анализа на новите медиуми, којашто треба да обезбеди сознанија и насоки за опфатот, улогата и трендовите за регулирање на новите медиуми, а во третиот квартал анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Освен тоа, а за да се утврдат состојбите и тенденциите во однос на почитувањето на регулативата, врз основа на што ќе се дадат соодветни препораки и предлози за потреба од евентуални измени на регулативата, како и препораки за одржување на добрите практики, Агенцијата ќе изработи и анализа на преземените мерки од страна на Агенцијата кон радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски

услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, како и на најчестите повреди на прописите констатирани со надзорите што таа ги спроведува.

**Цел:** Мапирање на состојбите во индустријата, анализа на почитувањето на регулативата, утврдување на опфатот, улогата и трендовите за регулирање на новите медиуми, како и обезбедување сознанија за родовите прашања и за начинот на којшто се прикажани жените и мажите во програмите на радиодифузерите

**Активности:**

- Прибирање, обработка и анализа на податоците за економските перформанси на радиодифузерите

  **Период на реализација: Трет квартал од 2018 година**
  **Резултат: Изработена анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2017 година**

- Анализа на новите медиуми (опфатот, улогата и трендовите за нивно регулирање)

  **Период на реализација: Прв квартал од 2018 година**
  **Резултат: Изработена анализа на новите медиуми**

- Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите

  **Период на реализација: Трет квартал од 2018 година**
  **Резултат: Изработен извештај**

- Анализирање на преземените мерки од страна на Агенцијата кон радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, како и на најчестите повреди на прописите констатирани со надзорите што ги спроведе Агенцијата во 2017 година

  **Период на реализација: Во првиот квартал на 2018 година**
  **Резултат: Изработена анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2017 година**

## 15. Меѓународна соработка

Меѓународната соработка Агенцијата ќе ја остварува преку учество на редовните средби на Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), како и преку билатерална соработка со регулаторните тела во Европа и особено во регионот. Освен тоа, ќе соработува и со мисијата на ОБСЕ во Скопје, а ќе учествува и во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации и во изработката на годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО.

**Цел:** Размена на информации и искуства со регулаторни тела од аудиовизуелната област за прашања поврзани со имплементација на медиумската легислатива, учество на Агенцијата во меѓународни активности кои се однесуваат на поттикнување на слободата на изразување и слободата на медиумите.

**Активности:**

- Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), остварување соработка со регулаторните тела во Европа и билатерална соработка со други регулаторни тела, особено со регулаторните тела од регионот

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Одржани средби за прашања кои произлегуваат од аудиовизуелната област, потпишани протоколи и меморандуми за соработка**

- Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Континуитет во примената на принципите содржани во документите на релевантните меѓународни тела поврзани со мониторинг на изборите**

- Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации

  **Период на реализација: Во текот на целата година**

  **Резултат: Придонес на Агенцијата кон Националниот извештај на Република Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН; учество во Меѓуресорското тело за човекови права**

- Учество во изработката на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО

  **Период на реализација:** **Во текот на целата година**

  **Резултат:** **Придонес кон Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО во областа на слободата на изразување и изготвени извештаи за нејзина имплементација; учество во работната група за интеграција на Република Македонија во НАТО**

## 16. Процес на европска интеграција

Придонесот во процесот на европска интеграција на Република Македонија Агенцијата ќе го остварува преку учество во процесот на подготовка и имплементација на националната програма за усвојување на европското законодавство, учество во работните групи кои се релевантни за аудиовизуелната дејност, учество во подготвувањето извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската Комисија во аудиовизуелната област. Освен тоа, Агенцијата во континуитет ќе ги следи можностите за користење финансиски средства од инструментот ИПА.

**Цел:** Учество на Агенцијата во процесот на европска интеграција на Република Македонија, во аудиовизуелната област.

### Активности:

- Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2018 и во работните групи релевантни за аудиовизуелната област

  **Период на реализација:** **Во текот на целата година**

  **Резултат:** **Изготвен придонес од Агенцијата за подготовка на НПАА 2018; изготвени квартални и месечни извештаи за спроведување на истата; одржани средби во рамки на работните групи во поглавјата 1.Политички критериуми; 3.7 Право на интелектуална сопственост; 3.8 Политика на конкуренција; 3.10 Информатичко општество и медиуми; и 3.23 Правосудство и фундаментални права**

- Подготовка на извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската Комисија во аудиовизуелната област

  **Период на реализација:** **Во текот на целата година**

